ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 03-1261/4
Датум: 15.12.2021

Врз основа на член 9 точка 12 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), а во врска со член 7 став (1), член 8 став (1) и член 10 став (1) алинеја 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и Решение за потврдување на донација од јавен интерес во областа на социо-хуманитарната дејност Бр. УП 11-2811 од 14.12.2021 година, Главниот државен ревизор донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**За исплата на парични средства по основ на донација на Црвениот крст на Република Северна Македонија за помош и поддршка на настраданите граѓани на Република Северна Македонија во автобуската сообраќајна несреќа во Република Бугарија**

1. Да се исплатат средства во износ од 100.000,00 денари како парична донација на Црвениот крст на Република Северна Македонија за помош и поддршка на настраданите граѓани на Република Северна Македонија во автобуската сообраќајна несреќа во Република Бугарија од ден 23.11.2021 година.

2. Средствата од точка 1 од ова Решение да се исплатата од средствата на Државниот завод за ревизија во Буџетот на Република северна Македонија за 2021 година и тоа:
   Сметка на основен буџет: 020021504063710
   Ставка:464990 Разни трансфери

3. Средствата да се уплатат во корист на сметката:
   Назив на примач : Црвен крст на Република Северна Македонија
   Банка на примач : АД Комерцијална банка
   Сметка на корисник/сметка на фонд за солидарност : 300000001327966;
   Цел на дознака: „помош за настраданите граѓани во сообраќајната несреќа во Република Бугарија ".

4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Црвениот крст на Република Северна Македонија со повик се обрати до Државниот завод за ревизија за изразување на солидарност и обезбедување на хуманитарна помош



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED

од страна на оваа хуманитарна организација во соработка со сите државни институции преку давање на донации за повредените и трагично загинатите и нивните семејства во сообраќајната катастрофа која се случи во Република Бугарија на 23.11.2021 година. За таа цел, Црвениот крст има отворено сметка на донациски солидарен фонд наменет за обезбедување на финансиска помош во парични донации за помош и поддршка на настраданите граѓани на Република Северна Македонија во автобуската сообраќајна несреќа во Република Бугарија од ден 23.11.2021 година.

Во рамките на расположливите средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година распределени на Државниот завод за ревизија на сметка основен буџет, беше констатирана можност да се алоцира износ на средства кои би можеле да бидат уплатени како директна финансиска помош во парична донација за горенаведената намена во корист на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

Со оглед дека во конкретниот случај се работи за донација од Државен завод за ревизија како давател на донација – домашно лице определено со одредбите од член 3 став 1 точка 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и во согласност со одредбите од член 4 став (1) од истиот Закон, Главниот државен ревизор и Генералниот секретар на Црвениот крст склучија Договор за доделување на средства по основ на донација на Црвениот крст на Република Северна Македонија кои им се потребни заради помош и поддршка на настраданите граѓани на Република Северна Македонија во автобуската сообраќајна несреќа во Република Бугарија од ден 23.11.2021 година, заверен во ДЗР со архивски број 03-1261/1 од 29.11.2021 година и заверен во Црвен Крст на Република Северна Македонија под број 0307-1109/1 од 29.11.2021 година.

Пред да пристапи кон исплата на наведената донација, Главниот државен ревизор со допис број 24-1261/2 од 06.12.2021 година се обрати до Министерството за правда и обезбеди Решение од Министерството за правда за потврдување на донација од јавен интерес во областа на социо-хуманитарната дејност Бр. УП 11-2811 од 14.12.2021 година, по што Главниот државен ревизор одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Главен државен ревизор**

**М-р Максим Ацевски**

Република Северна Македонија
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Скопје
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Ема Столеска
Контролирал: М-р Александар Поповски